Месечен е-Билтен на Секретаријатот за европски прашања
Влада на Република Македонија
Февруари 2016

# Вицепремиерот Бесими во Брисел учествува на конференцијата "Балкански партнерства - Зајакнување на врските во регионот"



Во рамки на посетата во Брисел, Заменик претседателот на Владата на Република Македонија д-р Фатмир Бесими се обрати на конференцијата "Балкански партнерства - Зајакнување на врските во регионот" ("Balkan partnerships - Strengthening the region's ties") организирана од страна на тинк танк организацијата Пријатели на Европа (Friends of Europe). На конференцијата исто така учествуваше и комесарот за соседска политика и преговори за проширување г-дин Јоханес Хан.
Вицепремиерот Бесими и комесарот Хан се обратија на првиот панел посветен на предизвиците кои произлегуваат во справувањето со мигрантската криза. Притоа, Бесими истакна е потребно да се воспостави механизам преку кој уште повеќе ќе се зајакне соработката меѓу земјите од Западен Балкан и институциите на ЕУ.
повеќе

**Бесими: Хан потврди-ќе се чека извештајот на ОБСЕ/ОДИХР и ДИК за предвремените избори во Македонија**

## Донаторска средба посветена на миграцијата

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања д-р Фатмир Бесими, денеска се обрати на редовен донаторски состанок, посветен на миграцијата и бегалската криза, со цел координирање на напорите и акциите на сите засегнати страни во справувањето со овој предизвик од глобални размери.
Учесници на настанот беа амбасадори на земјите членки на ЕУ, претставници на меѓународните организации инволвирани во процесот, како и претставници на државните институции и експерти.
Вицепремиерот Бесими подетално се осврна на конкретните активности и напорите за градење на потребните капацитети за справување со ситуацијата , како и на актуелните потреби кои произлегуваат од секојдневната грижа за бегалците.
повеќе

## Државниот секретар Блажеска на Првиот годишен форум за заштита на личните податоци

Државниот секретар за европски прашања, Ана Блажеска на Првиот годишен форум за заштита на личните податоци изрази благодарност на Кралството Норвешка за несебичната поддршка во оваа област, обезбедена во изминатите три години преку програмата за проектна соработка. Секретаријатот за европски прашања, како институција задолжена за координација на програмата за соработка со Кралството Норвешка, активно придонесува и помага во реализација на обврските од НПАА во сите сегменти, вклучително и заштитата на личните податоци, рече Блажеска.

повеќе

## Обраќање на вицепремиерот Бесими на Конференцијата на Гермиа Хил - Приштина

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

Во своето обраќање на панелот "Глобалните предизвици и улогата на НАТО и ЕУ во Западен Балкан" вицепремиерот Бесими, се осврна на глобалните и регионалните геополитички предизвици, низ призма на актуелните политички и економски случувања. При тоа тој истакна дека за Македонија, како мала земја која се уште ги развива своите економски капацитети, со само две децении независно водење на своите политики, НАТО и ЕУ перспективата се и ќе останат стратешка определба и клучен фактор во сите политички и социјални процеси во земјата.
Оваа конференција според Бесими е од посебно значење поради можноста за разменување на идеи и искуства како и сензибилизирање на јавноста околу значењето и улогата на Евроатланските интеграции за земјите од Западен Балкан и регионот, за кои ЕУ претставува единствена аспирација, а НАТО е цел за најголем дел од нив.
повеќе

## Амбасадата на Република Франција и Секретаријатот за европски прашања потпишаа писмо за соработка

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

Во просториите на Секретаријатот за европски прашања, Амбасадорката на Франција, г-ѓа Лоренс Оер и Заменик Претседателот на Владата на Република Македонија, д-р Фатмир Бесими потпишаа писмо за соработка.
Со ова писмо ќе се зајакне техничката соработка која веќе постои меѓу двете земји, како начин за подобрување на реформскиот процес поврзан со интеграцијата на земјата во Европската унија. Оваа соработка ги опфаќа присуството на францускиот експерт за европски прашања, г. Бертранд Милет во Секретаријатот за европски прашања и билатералната поддршка во понатамошното усогласување на националното законодавство со законодавството на Унијата, јакнење на институционалните капацитети, вклучувајќи ги ресорните министерства и управувањето на националните и регионалните ИПА фондови, со фокус на проектите за видливост, инфраструктура и интерконективност за целиот регион на Западен Балкан.
повеќе

## ИПА Прес конференција




Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Фатмир Бесими, заедно со амбасадорот на Европска Делегација во Република Македонија Н.Е. Аиво Орав, на 17 февруари 2016 година одржаа прес конференција на која го презентираа статусот на спроведувањето на Инструментот за претпристапна помош ИПА.
Во воведното обраќање вицепремиерот Бесими истакна дека во изминатиот период се работеше паралелно на ИПА 2007-2013 и ИПА 2014-2020. Посебно внимание беше посветено на спроведувањето на тековната ИПА и програмирањето на ИПА 2 базирано на позитивните искуства и научените лекции. Посебен акцент беше ставен на транспарентноста и инклузивноста во спроведување на ИПА, се со цел доближување на ИПА проектите до граѓаните.
повеќе

## Програми на Унијата како ЕУ инструмент на поддршка




Во просториите на Секретаријатот за европски прашања на 18 февруари 2016 година во 10:30 часот, се одржа презентација на Програмите на Унијата, како ЕУ инструмент на поддршка. Настанот го отворија Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања д-р Фатмир Бесими, г. Михаел Самец, од Германското друштво за развојна соработка- ГИЗ и г. Мартин Клауке, од Делегацијата на Европската унија.
Во своето воведно обраќање Вицепремиерот го истакна значењето на Програмите на унијата за Република Македонија како можност за надоградување на европските вредности за нашето општество, реализацијата на реформите од европската агенда преку унапредување на инклузивноста, социјалната кохезија, активното граѓанство и создавањето на подобри можности за сите.
повеќе

## Работни средби



## Средба на Вицепремиерот Бесими со амбасадорот на Кралството Белгија г-ѓа Аник Ван Калстер

На средбата вицепремиерот Бесими се заблагодари за поддршката која што Република Македонија ја добива од страна на Белгија во процесот за евроатлантска интеграција на нашата земја и регионот.
Во текот на разговорот посебно беа истакнати активностите кои се преземаат за спроведување на клучните реформи од европската агенда на земјата, со посебен фокус на делот на независноста на судството, изборните реформи, добрососедските односи, слободата на изразување и медиумите и имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, а посебно беше истакната и важноста на исполнувањето на обврските од политичкиот договор.
повеќе



## Средба на Вицепремиерот Бесими со г-дин Мирослав Лајчак во Брисел

На средбата соговорниците разговараа за Итните реформски приоритети на Република Македонија во процесот на пристапување кон Европската унија, утврдени и со заклучоците на Советот на ЕУ, а посебно беше истакната и важноста на исполнувањето на обврските од политичкиот договор.
Во однос на актуелната состојба со мигрантите, вицепремиерот нагласи дека соработката во врска со мигрантската криза е од суштинско значење, бидејќи земјите од Западен Балкан, вклучувајќи ја и Македонија, се транзитни рути за мигрантите и затоа е потребна и поддршката од Европската Унија.

повеќе



## Бесими - Чолаку: Зајакнување на соработката во евроинтеграциите

На на 22 март во Косово беше потпишан договор за соработка во областа на европските интеграции од страна на Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, д-р Фатмир Бесими и Министерот за европски интеграции на Косово, м-р Беким Чолаку.
Меморандумот ја потврдува европската перспектива во двете земји и ги зајакнува билатералните односи и промовира континуирана соработка од заеднички интерес.
За време на средбата, Вицепремиерот Бесими ја истакна важноста на регионалната соработка за размена на искуства во областа на европската интеграција, како размена на информации и знаење за усвојување на европското законодавство и негово спроведување по поглавја.
повеќе



## Средба на Вицепремиерот Бесими со министерот за надворешни работи на Италија Гентилони

На средбата беше истакната поддршката на Република Италија во процесот на евроатлантската интеграција на Македонија, каде што се потенцираше ставот на Италија дека процесот на проширување на ЕУ нема да биде комплетен без сите земји од Западен Балкан.
Во однос на обврските на земјата во евроинтегративниот процес, Бесими информираше за реализацијата на Итните реформски приоритети кои се особено значајни имајќи предвид дека по одржувањето на изборите, земјата ќе добие уште еден Извештај од Европската комисија врз основа на што ќе се одреди понатамошната перспектива на Македонија.



## Делегација од Комисијата за европски прашања на холандскиот парламент на средба со Вицепремиерот Бесими

Заменик Претседателот на Владата на Република Македонија, д-р Фатмир Бесими оствари средба со висока делегација од Комисијата за европски прашања на холандскиот парламент, предводена од претседателот на Комисијата, г. Малик Азмани. Во придружба на делегацијата беше и амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, г. Вилем Вутер Пломп. Вицепремиерот Бесими упати честитки за холандското преземање на претседателството на ЕУ и изрази надеж дека досегашната соработка меѓу Холандија и Македонија ќе продолжи, и дека Холандија и понатаму ќе ги поддржува евроатлантските аспирации на земјата.

#EUstars

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

## Дебата на тема " Социјалните медиуми и слободата на изразувањето "

Секретаријатот за европски прашања ја одржа втората дебата од циклусот "ЕУ Ѕвезди" на тема: " Социјалните медиуми и слободата на изразувањето ", на која дебатираа студентите од ФОН -прв приватен универзитет во Скопје, во чии простории се одржа истата. Пред започнување на дебатата, на студентите им се обратија Вицепремиерот Бесими, Проректорот за меѓународна соработка проф. д-р Нано Ружин и генералниот менаџер м-р. Сефер Цаноски кои ја истакнаа улогата на дебатите во развојот на демократските општества.
Денешната дебата има за цел да го зголеми интересот и знаењето на младите лица за прашања и теми поврзани со ЕУ. Преку дебатите, СЕП цели кон овозможување на отворен форум за дебата помеѓу младите насочен кон охрабрување на критичното милење и поттикнување на култура каде на дебатата се гледа како демократски начин за надминување на разликите во мисленињата.
повеќе

EUinMacedonia
Secretariat for European Affairs

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

## Дестинација Шпанија-спорт

Во просториите на МК-ЕУ Инфо центарот, Секретаријатот за европски прашања во соработка со шпанската амбасада го одржаа настанот "Европската Унија во Македонија": Дестинација Шпанија-спорт.
Вицепремиерот за европски прашања д-р Фатмир Бесими, заедно со Амбасадорот на Кралството Шпанија во Република Македонија, Н.Е Рамон Абароа Каранза во амбиент на прекрасните звуци на шпанската музика во неформален разговор споделија македонско-шпански вредности, спортски искуства заедно со гостите на настанот, Раул Гонзалес, Алекс Душјебаев, Хорхе Македа и идните надежи на македонскиот ракомет од РК Вардар.повеќе

## Реформски процес

- Дополнителни измени беа усвоени во Изборниот законик за одложување на датумот за

одржување на изборите на 5. јуни 2016 година за таа цел

- На 12. февруари 2016 година медиумите ја потпишаа Повелбата за етичко известување за време на избори, што се базира на основните принципи на новинарската работа

- Собранието на Р.М во февруари 2016 усвои 2 закони од НПАА Ревизија 2016

- Растот на нефункционалните кредити (НФК) бележи пад од 8,3% во 2014 година на 4,7% во 2015 година, што придонесе за подобрување на квалитетот на кредитното портфолио. Стапката на НФК се намали од 11,3% во 2014 година на 10,8% во 2015 година кредитниот ризик е главно концентрирани во корпоративното портфолио.

- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права

- 12. Поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој се одржа I Брисел на 23. февруари 2016 година

- Владата ја усвои новата Стратегија за за конкурентност и Акциски план на Република Македонија 2016-2020

- Првиот почетен состанок за ИПА проектот Реформа на системот за водоснабдување, собирање и третман на локално ниво, се одржа на 4.2.2016 година во Скопје

- На 3 февруари 2016 година се одржа Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во Скопје

Активностите за подготовка на новата Стратегија за РЈА за периодот 2016-2021 започнаа вклучувајќи формирање на работна група со претставници од релевантни институции, академските институции и експертите на СИГМА.

EU talks
Secretariat for European Affairs

ЕУ Разговори, соработка со Граѓанскиот Сектор, разговори со Фондацијата Отвореноопштество - Македонија и Македонскиот центар за европско образование

Одржана ЕУ Разговори со младинските организации "Младите - креатори на Европските вредности во МК"

## ИПА Проекти

## "Понатамошно зајакнување на АФСАРД и подготвување на Агенцијата за програмскиот период 2014 - 2020"

**Финансиран од:** Европска Унија
**Цел на проектот**: Обезбедување на советодавна и практична помош на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, (АФСАРД, во својство на ИПАРД Агенција) за да се подобри ефективноста и ефикасноста на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД).
**Вкупна вредност**: 1,550,000 евра
**Времетраење**: 21 месеци со почеток од 15 декември, 2015
**Клучен корисник**: Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.
повеќе

## Понатамошно подобрување на системот за развој и спроведување на Националната рамка за квалификации"

**Финансиран од**: ЕУ
**Цел на проектот:** Зајакнување на националните капацитети за ефикасен и ефективен систем на Национална рамка за квалификации. Активностите имаат за цел подобрување на капацитетот на земјава во спроведувањето на Националната рамка за квалификации, вклучувајќи го и законодавството, администрацијата и развој на квалификации во клучните економски сектори.
**Вкупна вредност**: 2.250.000 евра.
**Времетраење**: јануари 2016 -јули 2017
**Клучен корисник**: Министерството за образование и наука.
повеќе

## "Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за транспонирање и имплементација на новата Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ"

**Финансиран од**: ЕУ
**Цел на проектот**: Зајакнување на административниот капацитет на национално и локално ниво за транспонирање и имплементација на Директивата за индустриски гасови
**Вкупна вредност**: 900.000 евра
**Времетраење**: 1 октомври 2015 -декември2016
**Клучен корисник**: Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина.
повеќе

## ЕУ Вести

- ЕУРЕС мрежа: Им помага на луѓето да најдат работа во друга земја на ЕУ
- NewsHub: Алатка која овозможува да се следат политикатите на ЕП во моментот кога се случуваат
- ЕУ воведе нов медицински корпус со цел побрз одговор во итни случаеви
- Нов договор за Велика Британија во ЕУ
- Економска зимска прогноза: Атмосферски предизвици

## Дали знаете дека...?

- Од почетокот на 2016 година, од луѓето кои пристигнале во Грција да бараат азил во ЕУ 55% се жени и деца , за разлика јуни 2015 година кога нивниот процент изнесува

38.
- 70% од заразни болести кај луѓето се вообичаени и кај животните и кај луѓето
- Од 241 милион европски работници само 7,5 милиони т.е. околу 3,1% работат во друга земја членка на ЕУ
- Од приходот на ЕУ годишно, 10 милијарди евра се загуби поради шверц на тутун и цигари

## Меѓународни денови

- 21 Март - Светски ден на поезијата
- 21 Март- Меѓународен ден на шумите
- 21 Март-Светски ден на лицата со даунов синдром
- 22 Март- Светски ден на водата
- 23 Март- Светски ден на метеорологијата

***Ви Благодариме!***